UDK: 811.163.3'373.21:091(497.73Kičevo)"1873"

РАКОПИСОТ НА СЕРАФИМ ДАБИЌ ОД 1873 ГОДИНА – ИЗВОР ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ТОПОНИМИЈАТА НА СЕЛОТО ОРЛАНЦИ – КИЧЕВСКО[1]

Давор Јанкулоски
Истражувачки центар за ареална лингвистика
„Божидар Видоески“
Македонска академија на науките и уметностите
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-1037-7349

Клучни зборови: топономастика, етимолошка анализа, графиски особености, ракопис од XIX век, Кичевски Регион.

Резиме: Предмет на анализа на трудот претставува еден ракопис од 1873 година од селото Орланци – Кичевско, чија копија беше пронајдена во Фондот „Блаже Конески“ во Архивот на МАНУ. Се работи за попис на имотот на Серафим Дабиќ, кој иако е напишан на српски јазик, на само три листа, донесува значаен локален топонимиски материјал. Трудот накратко се осврнува кон графиските особености на ракописот, а потоа во фокусот е поставена на анализата на регистрираните микротопоними, при што се разгледува нивната етимологија, семантичка мотивација и зборообразувачка структура. Доминантни се називите, образувани врз основа на географски и земјоделски термини, како и оние со: фитонимска, зоонимска и антропонимска основа, што упатува на тесната поврзаност на локалното население со природната средина и со стопанските активности. Во однос на потеклото, преовладува словенскиот топонимиски слој, додека несловенските елементи се ретки и се адаптирани претходно на македонскиот јазичен систем. Во прилог на трудот е вклучен ракописот на Серафим Дабиќ во

[1] Трудот се објавува во рамките на проектот на Филолошкиот факулте „Блаже Конески“ во Скопје „Виртуелен музеј *Конески*“, реализиран со поддршка од Министерството за образование и наука преку Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети факултети/научни институти/МАНУ за 2025 г.

транскрипција, заедно со факсимилите на копијата на оригиналниот текст.

THE MANUSCRIPT OF SERAFIM DABIĆ FROM 1873 AS A SOURCE FOR THE STUDY OF THE TOPONYMY OF ORLANCI (KIČEVO REGION)

Davor Jankuloski
Research Center for Areal Linguistics "Božidar Vidoeski"
Macedonian Academy of Sciences and Art
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-1037-7349

Keywords: toponomastics, etymological analysis, graphic features, 19th-century manuscript, Kičevo Region

Summary: The subject of analysis in this paper is a manuscript from 1873 originating from the village of Orlanci (Kičevo Region), a copy of which was found in the *Blaže Koneski* Fund at the Archive of the Macedonian Academy of Sciences and Arts. The manuscript represents an inventory of property compiled by Serafim Dabić and,though written in Serbian and comprising only of three pages, it provides valuable local toponymic material. The paper briefly addresses the graphic features of the manuscript and subsequently focuses on the analysis of the recorded micro toponyms, examining their etymology, semantic motivation and word-formation structure. The prevailing names are those derived from geographical and agricultural terms, as well as those with phytonymic, zoonymic, and anthroponymic bases, reflecting the close relationship between the local population, the natural environment and economic activities. In terms of origin, the Slavic toponymic layer predominates, while non-Slavic Balkan elements are rare and have been adapted to the Macedonian linguistic system. The paper also includes a transcription of the manuscript, accompanied by facsimiles of the copy of the original text.

Вовед

Текстот што го разгледуваме претставува еден попис на имот од втората половина на 19 век од селото Орланци, Кичевско. Составен е на 7 април 1873 година од Серафим Дабиќ од Орланци во периодот на неговото напуштање на селото и неговата преселба во Белград. Повеќе информации за Серафим Дабиќ дознаваме од дописот приложен при отстапувањето копија од

ракописот од страна на неговиот внук, д-р Мирослав Ненадовиќ, во Архивот на САНУ. Копија од ракописот му била доставена и на професорот Блаже Конески, која денес се чува и во неговиот фонд во Архивот на МАНУ (Фонд „Блаже Конески“: АЕ БК 232).

Според податоците, приложени кон ракописот, Серафим Дабиќ, познат и како Дабевски и Дабев, бил роден во 1833 г., а починал во 1896 г. во Белград. Неговиот внук, според името на надгробната плоча, го бележи како Серафин, а не како Серафим, иако, во ракописот, тој самиот се потпишува како Серафим[2].

Според податоците на Министерството за просвета на Југославија, Серафин Дабиќ во Кичевско бил познат како „учитељ нераспоређен“, односно бил писмен човек, со извесна подготовка за одржување настава, но немал службено назначување за дејноста. Покрај тоа, бил борец, кој го штител населението во Орланци и во околината од турските зулуми. Околу 1873 бил издаден и бил принуден да го напушти родниот крај и да пребегне во Белград, а турскиот казнен одред, којшто не успеал да го фати, го запалил неговиот дом, како опомена за другите селани. По доаѓањето во Белград, работел како кафеџија во анот познат под името „Кафана Барајево“.

Ракописот на Серафим Дабиќ е напишан на српски јазик во согласност со Вуковата реформа, која е прифатена официјално во 1868 година, што укажува на раното продирање на оваа правописна норма на поширокиот балкански простор. Иако текстот е на српски јазик, за нас, од особена важност е тоа што тој донесува автентичен локален топономастички материјал. Имено, во него се запишани повеќе од дваесет микротопоними од селото Орланци и од неговата околина. Дел од овие месни имиња, до денес, се загубиле или постепено исчезнуваат од колективната меморија на локалното население. Покрај тоа, ракописот нуди и

[2] И двете варијанти се регистрирани во *Речникот на личните имиња кај Македонците* (Станковска, 1992: 249), првата засведочена во XVI век, додека втората варијанта во XIX век.

мал број отстапки од Вуковиот јазичен модел, при што се согледуваат и извесни македонски дијалектни карактеристики.

Во продолжение, накратко ќе се осврнеме на дел од графиските особености на овој текст. Потоа, во фокусот на трудот е поставена анализата на регистрираниот топонимски материјал од с. Орланци, приложен во ракописот.

За графиските особености на ракописот на Серафим Дабиќ

Како што забележавме погоре, текстот е напишан на српски јазик, со примена на Вуковиот правопис во голема мера. Сепак, во неговата графија успеавме да нотираме извесни недоследности. Воопшто не ја регистрираме графемата *ј*, па во некои случаи отсуствува нејзиното бележење, на пр. *покра*, наместо *покрај*, додека во иницијална позиција овој глас се бележи со *ȉ* или со *и* на пр. *Ȉоноско, ицунца*, онака како што е својствено за ракописната практика во XIX век. Како графиско решение се појавува и графемата *я*, која ја регистрираме во формата *фамилия*.

Отсуствува графемата *њ*, па во сите позиции, каде што би ја очекувале, Дабиќ пишува само *н*. Воедно, не е застапена ниту графиската варијанта *нь*, т. е. сосема отсуствува графемата *ь*, која, во практиката служела за одбележување на мекоста на *н*. Во ракописот среќаваме форми како *имане* (место *имање*), *кон*, *свини* и сл. иако, во кичевскиот говор, не се бележи затврднување на *њ* во овие лексеми. Згора на тоа, српската долга акузативна форма на личната заменка за 3. лице еднина од женски род е запишана како *ну*, место *њу*. Ја среќаваме и лексемата *нива*, а во согласност со Вуковата реформа би ја очекувале формата *њива* (Караџић, 1818: 472).

Интересно е дека во текстот се појавува и недоследност при пишувањето на глаголите во третото лице еднина на презентот. Преовладуваат формите со нулта наставка, но се појавуваат и варијантите со финално *-т*, што претставува дијалектна карактеристика на дел од западномакедонските говори и сведочи за дијалектната основа на авторот. На пр.: *Нива зове се Горни Песак, 3 слогова имат*; *...4 кола сено се косит* итн.

Покрај тоа, бележиме и колебање кај парните консонанти по звучност во финална позиција, па така во трето лице еднина презент, освен со нулта наставка или со *-т*, глаголот *има* го регистрираме и со финално *-д*, како во примерот: *Нива зове се Сунал, 3 слогова имад.* Колебање при пишувањето среќаваме и кај именката *слог* ‘дел од нива меѓу две бразди’, која се појавува и во варијантата *слок*, веројатно како резултат на обезвучување на консонантот *г* во финална позиција.

Топонимијата на с. Орланци според ракопис на Серафим Дабиќ

Во продолжение ги приведуваме регистрираните топоними во пописот на Серафим Дабиќ, при што во фокусот на анализата се поставува нивната етимологија и семантичка мотивираност. Доколку одделни имиња се потврдени и во други извори (Смиљанић, 1935; Трифуновски, 1968), се бележи каде и во каква форма се јавуваат. Топонимите ги приложуваме по редот според којшто се јавуваат во ракопис, а не по азбучен ред, усогласени според македонскиот графиски систем.

Орланци – село во областа Рабетинкол или Рабетинска Река. Во основата на името, според Станковска (1995: 220), се крие зоонимот *орел*, којшто доаѓа од прасл. **orьlъ* (Derksen 2008: 376–377). Ојконимот настанал со топонимизација на етнонимот со суф. *-ци* во множина од претходен топоним **Орлани*, а тој, пак, од топонимска синтагма од типот **Орли (Врв, Камен)* или **Орла (Шума),* со суф. *-јани*. Името, дел од планинската месност во близина на селото го носи името *Орел*.

Калуѓерица – нива. Топонимот е мошне фреквентен на македонската територија (Станковска, 2001: 184), а претставува образување од апел. *калуѓер*, од грч. *καλόγερος*, со словенскиот суф. *-ица*.

Теплица – ливада. Топонимот е изведен од синтагма од типот **Тепла (Вода),* чиј атрибут е рамен на формата за ж.р. *тепла* < ст.сл. **тєплѧ**, од ст.сл. прид. **тєплъ** ‘топол’, супстантивизиран со

суф. *-ица* по елизијата на именката (Станковска, 2001: 401). Иванов (1982: 204) регистрира ваква месност во Дреново, Серско.

Орница – нива. Називот е настанат со топонимизација на земјоделскиот термин *орница*, кој, според *Толковниот речник на македонскиот јазик* (ТРМЈ 3, 553) примарно се дефинира како ‘земја што подолго време се обработувала, но во моментот е запуштена, необработена’. Оваа лексема има формални и семантички паралели во соседните јужнословенски јазици, српскиот и бугарскиот, а слични форми се јавуваат и во чеш. *ornice* ‘горен пласт на почва’, слч. *ornica* ‘плодна почва’ итн. Прасловенската реконструкција, која ја дава *Бугарскиот етимолошки речник* (БЕР 4, 925) е **arьnicā*. Етимолошки се поврзува со прасловенскиот глагол **orati* со паралели во балтичките и во други индоевропски јазици (ЕРСЈ 1, 210–211; ЭССЯ 32, 106–109; Derksen, 2008: 372). Топонимот *Орница* во атарот на с. Орланци е запишан и кај Трифуновски (1968: 22).

Ложишта – нива. Топонимот е изведен од апелативот *ложиште* ‘место, каде што се ложи’, во множина со суф. *-иште/-ишта* за *nomina loci*. Глаголот *ложи*, според *Толковниот речник на македонскиот јазик* (ТРМЈ 3, 58) има две значења 1. ‘става облоги на болно место’; 2. ‘пали оган, става дрва во печка и сл.’, а доаѓа од прасловенскиот глаголски корен **log-*, којшто претставува превој на основата **leg-* со прототипна семантика ‘лежење, хоризонтална положба’.

Филипиште – нива. Во основата на топонимот се наоѓа личното име *Филип* од грч. *Φίλιππος* со значење ‘љубител на коњи’. Веројатно се работи за патронимиско име **Филипишть,* произведено од синтагматска формација **Филип (= Филипов) (син)*, чиј атрибутски член е образуван од личното име *Филип* со суф. *-ъ,* а по отпаѓањето на именката син, тој се супстантивизирал со суф. *-ишть*, т. е. *-иште* (сп. Станковска, 2002: 409). Инаку, кај Трифуновски (1968: 22) во атарот на селото Орланци е регистриран топонимот *Филипои Колиби* во којшто е содржано истото лично име.

Ќудоно Поличе – нива. Придавскиот дел од топонимската синтагма, веројатно, е образуван од формата *ќут* од тур. *küt* ‘тап’

со членската морфема *-он*, ср. р. *-оно* за просторно определување, додека именскиот дел се однесува на географскиот термин *полица* ‘мала рамница на планинска страна; висорамнина’, т.е. на неговата деминутивна форма *поличе*, забележана во македонската топонимија. Инаку, *полица*, како географски термин е познат во повеќето балкански јазици, сп. срп. *pòlica*, ром. аром. *poliță*, нгр. *πολίτσα* (Видоески, 1999: 114).

Речани – село во областа на Рабетинска Река, се наоѓа во близина на Орланци. Ојконимот е настанат со топонимизација на етникот *Речани*, којшто претставува образување со суф. *-ани* од топонимот **Река* настанат со топонимизација на апелативот *река*, од прасл. **rě̄kà* (Dersken, 2008: 434), а означува ‘жители што живеат покрај река’.

Горни Песак – нива. Првиот дел од синтагмата се однесува на придавката *горни*, која се јавува во својата сложена форма *горн-* (< прасл. **gorьnъ*, в. Skok, 1971: 589; БЕР 1, 265) за м. р. од анафорската заменка *и-же, ја-же, је-же*, додека вториот се однесува на лексемата *песок,* дијал. и *песак* ‘ситни тврди делчиња откршени од камена маса во различна форма и големина’, сп. и *песоклива земја* – што е посна, сиромашна, слабообработлива, од прасл. **pěsъkъ* (Derksen 2008: 398). Топонимот *Песак* во близина на селото Орланци се регистрира и на топографските карти на Македонија, додека кај Трифуновски (1968: 22) е запишан како *Песок*.

Средополе – нива. Називот доаѓа од сложен географски апелатив *средополе* (сп. *средонос, средорек* кај Видоески, 1999: 149), образуван од морфемата *сред-*, којашто доаѓа од прилогот *среде* (од ст.сл. **срѣдѣ**), од интерфиксот *-о-* и од именската форма *поле* ‘земјишна обработлива површина’, од прасл. **pȍl̥e* (Derksen, 2008: 411). Во студијата на Трифуновски (1968: 22) е запишан топонимот *Средно Поле*.

Црни Лак – нива. Првиот дел од синтагмата се однесува на придавката *црни,* која се јавува во својата сложена форма *црн-* (< прасл. **čьrnъ*, в. Derksen, 2008: 92) за м. р. од анафорската заменка *и-же, ја-же, је-же*, а вториот, пак, доаѓа од географскиот

поим *лак/лаг* (< прасл. **lǫ̂gъ*, в. Derksen, 2008: 288) со значење ‘рамнина покрај река’ (Видоески, 1999: 82), при што финалното *к* претставува резултат на обезвучувањето на *г* во оваа позиција. Овој топоним кај Трифуновски (1968: 22) е регистриран како месност, а Смиљаниќ (Смиљанић, 1935: 470) го бележи како извор во атарот на селото Орланци.

Панаѓур – нива. Со овој назив се именувани места, каде што се собирале луѓето за панаѓури, собори и сл., а апелативот *панаѓур* претставува заемка од грч. *πανήγυρις*, преземена уште во ст.сл. панагюръ (Иванова, 1996: 471).

Ќумурец – нива. Топонимот претставува образување со суф. *-ец* од апел. *ќумур* ‘јаглен’, кој доаѓа од тур. *kömür*. Смиљаниќ (Смиљанић, 1935: 470) го бележи како *Ќумурица*. Постоењето на варијантата *Ќумурица* упатува на тоа дека топонимот не е настанат со топонимизација на деминутивниот апелатив *ќумурец*, туку дека настанал на топонимиско рамниште, при што суфиксот *-ец* извршил супстантивизација на придавката **Ќумурен* од синтагма од типот **Ќумурен Дол*, по пат на дезинтегрална деривација.

Горно Ливаѓе – нива. Првиот дел од синтагмата се однесува на формата за ср. р. еднина од придавката *горен* (*горн-а/-о/-и*), додека вториот дел доаѓа од колективната именка *ливаѓе*, образувана од апел. *ливада* (од грч. *λιβάδι*) со суф. *-је*. Со оглед на тоа што „колективот не може да се вклопи во категоријата на бројот“ (Пјанка, 1970: 302), кај составите со колективни именки често се јавува придавка во ср. р. еднина што е предизвикано од формалната сличност на колективните именки со именките од ср. р. (сп. и Јачева-Улчар, 2005: 388–389).

Долно Ливаѓе – нива. Придавскиот дел од синтагмата укажува дека се работи за месност ‘што е на ниско место, спротивно од горен, горно’ и доаѓа од формата за среден род од придавката *долен* (*долн-а/-о/-и*), од прасл. **dolьnъ* (БЕР 1, 410), додека именската компонента се однесува на колективната именка *ливаѓе* (в. погоре).

Под Задел – нива. Називот претставува синтагматски состав од предлогот *под* со просторно значење и географскиот термин *задел* со значење ‘забран, задел – место под шума забрането да се сече или да се пасе во ливада’, особено фреквентен во Западна Македонија, прасл. **za* + **dělъ* (Видоески, 1999: 61; Derksen, 2008: 103). Топографските карти на Р С Македонија во атарот на селото Орланци го бележат топонимот *Шут Задел*.

Дупана – нива. Називот претставува аугментативна форма од фреквентниот географски термин *дупа* ‘длабнатинка в земја’, од прасл. **dupa; *dupę* (Dersken, 2008: 97), просторно определена со членската наставка *-на*.

Спасеница – нива. Топонимот претставува образување со суфиксот *-ица* од личното име *Спасен*, кое според Станковска (1992: 256) доаѓа од глаголската придавка *спасен*, регистрирано во XV век.

Симунец – нива. Топонимот претставува образување со суфиксот *-ец* од личното име Симун, регистрирано во XIX век (Станковска, 1992: 251) како варијанта на *Симон*, дојдено од грч. *Σίμων*, библиско име со хебрејско потекло, присутно од XII век.

По Габер – нива. Првата компонента во називот се однесува на предлогот *по* со пространствено значење, додека втората компонента произлегува од фитонимот *габер* ‘вид дрво со жилести и назабени лисја, со мазна сива кора и бела срцевина што се користи за изработка на музички инструменти и на други предмети; *Carpinus betulus*’, кој го континуира прасл. **grabrъ* (Pokorny, 1959: 404).

Кофилица – нива. Топонимот е изведен од синтагма од типот *Кофилна (Нива),* чиј атрибут е супстантивизиран со суф. *-ица* по отфрлањето на суфиксот *-на* за ж. р. (: -н-, за м. р.) и именскиот дел од синтагмата. Доаѓа од дијалектниот апелатив *кофил* ‘ковил – растение со долги и меки иглички на класјето; *Stipa pennata*’, или, пак, од личното име *Ковил*, дијал. *Кофил* (Станковска, 2001: 218–219).

Сунал – нива. Топонимот доаѓа од географскиот термин *сунал* со значење ‘место, каде што се лизга почвата, одрон’,

регистиран како топоним на повеќе места во Поречието (Видоески, 1999: 155), додека лексемата *сунатица* означува ‘одроната земја; поместена од својата почва’. Иванова (1996: 629) бележи дека *суниште* означува ‘место што се сунува’, од гл. *суне* ‘се лизга, се спушта’, кој води потекло од ст.сл. **соунѫти** ‘сипе, паѓа’.

Карбунечки Мос – ливада. Придавскиот дел од називот е образуван од ојконимот *Карбуница*, село регистрирано уште во турските пописни дефтери од 15 и од 16 век (Соколоски, 1981: 126, 132), со суф. *-чки* (: ст.сл. *-ьск-* во својата секундарно топонимиска функција (Станковска, 2000: 234; Јачева-Улчар, 2005: 345, 347). Според Станковска (2001: 192) името *Карбуница* доаѓа од синтагма од типот **Карбуна (Вьсь)*, чиј прв дел е образуван од личното име *Карбун (Карб(а) + -ун)* со суф. *-ъ*, ж.р. *-а*, а по отфрлањето на именката *вьсь* ‘село’ таа се супстантивизирала со суф. *-ица*. Именскиот дел од називот се однесува на апелативот *мост*, при што во финална позиција се испушта *т* во консонантска група зад фрикативните /*с, ш*/. Доаѓа од прасл. **môstъ* (Derksen, 2008: 326–327).

Заклучок

Преку анализата на топонимите запишани во пописот на Серафим Дабиќ од 1873 година се обидовме да ги прикажеме семантичката мотивираност и зборообразувачката структура на дел од топонимискиот систем на селото Орланци и неговата околина. Доминантни се називите, образувани врз основа на географски термини, а се присутни и топоними што упатуваат на земјоделски термини или, пак, содржат фитонимска или зоонимска основа, што упатува на тесната поврзаност на локалното население со природното опкружување и стопанските активности. Неретки се и образувањата со антропонимска основа, кои укажуваат на приватно-сопственичките или на родовските обележја во именувањето на просторот, додека извесни називи сведочат за социјално-културните активности во минатото.

Во однос на потеклото, преовладуваат називите што континуираат форми познати уште во прасловенскиот јазик. Во

мала мера среќаваме топоними во чија основа се нашле заемки од несловенските балкански јазици, како од грчкиот или од турскиот, но сите тие претходно поминале фаза на адаптација на македонскиот јазичен систем. Значаен дел од топонимите се формирани со продуктивните словенски суфикси, како - *ица, -ец, -иште/-ишта, -ани*, што сведочи за доминантниот јазичен слој во овој простор.

На крајот, во прилог го предаваме ракописот на Серафим Дабиќ, транскрибиран во онаа мера во којашто успеавме да го расчитаме, а паралелно ги предаваме и факсимилите од копијата на оригиналниот текст, со надеж дека овој материјал ќе биде предмет на идни препрочитувања и анализи.

Литература/References

Видоески, Божидар. (1999). Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик. Скопје: МАНУ. [Vidoeski, Božidar. (1999). Geografskata terminologija vo dijalektite na makedonskiot jazik [Geographical Terminology in the Dialects of the Macedonian Language]. Skopje: MANU. (In Macedonian).]

БЕР 1 – Български етимологичен речник. (1971). Т. 1 (А–З). Георгиев, Владимир И. (Отв. ред.). София: Издателство на БАН. [BER 1 – Bălgarski etimologichen rechnik [Bulgarian Etymological Dictionary]. (1971). Vol. 1 (A–Z). Georgiev, Vladimir I. (Ed.). Sofia: Izdatelstvo na BAN. (In Bulgarian).]

БЕР 4 – Български етимологичен речник. (1995). Т. 4. Георгиев, Владимир И., Дуриданов, Иван (Отв. ред.). София: Академично издателство „Проф. Марин Дринов“. [BER 4 – Bălgarski etimologichen rechnik [Bulgarian Etymological Dictionary]. (1995). Vol. 4. Georgiev, Vladimir I., Duridanov, Ivan (Eds.). Sofia: Akademichno izdatelstvo “Prof. Marin Drinov”. (In Bulgarian).]

Иванов, Йордан Н. (1982). Местните имена между Долна Струма и Долна Места. София: Издателство на БАН. [Ivanov, Yordan N. (1982). Mestnite imena meždu Dolna Struma i Dolna Mesta [Local Names between Lower Struma and Lower Mesta]. Sofia: Izdatelstvo na BAN. (In Bulgarian).]

Иванова, Олга. (1996). Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“. [Ivanova, Olga. (1996). Rečnik na toponimite vo oblasta po slivot na Bregalnica [Dictionary of

Toponyms in the Bregalnica Basin]. Skopje: IMJ "Krste Misirkov". (In Macedonian).]

Јачева-Улчар, Елка. (2005). Топонимијата на Тиквешкиот Регион. Докторска дисертација. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески". [Jačeva-Ulčar, Elka. (2005). Toponimijata na Tikveškiot Region [The Toponymy of the Tikveš Region]. Doktorska disertacija. Skopje: Faculty of Philology "Blaže Koneski". (In Macedonian).]

Караџић, Вук С. (1818). Српски рјечник истолкован њемачким и латинским ријечима. Беч. [Karadžić, Vuk S. (1818). Srpski rječnik istolkovan njemačkim i latinskim riječima [Serbian Dictionary Interpreted with German and Latin Words]. Vienna. (In Serbian).]

Пјанка, Влоѓимјеж (1970). Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков". [Pianka, Włodzimierz (1970). Toponomastikata na Ohridsko-prespanskiot bazen [Toponymy of the Ohrid–Prespa Basin]. Skopje: Institute of Macedonian Language "Krste Misirkov". (In Macedonian).]

Смиљанић, Тома. (1935). Кичевија. Насеља и порекло становништва, књ. 28. 337–483. Београд. [Smiljanić, Toma. (1935). Kičevija [Kičevo Region]. Naselja i poreklo stanovništva [Settlements and Origin of Population], vol. 28. 337–483. Belgrade. (In Serbian).]

Соколоски, Методија. (1981). Кичевската нахија во XV и XVI век. Историја, 17(2). 95–135. Скопје. [Sokoloski, Metodija. (1981). Kičevskata nahija vo XV i XVI vek [The Kičevo District in the 15th and 16th Century]. Istorija, 17(2). 95–135. (In Macedonian).]

Станковска, Љубица. (1992). Речник на личните имиња кај Македонците. Скопје. [Stankovska, Ljubica. (1992). Rečnik na ličnite iminja kaj Makedoncite [Dictionary of Personal Names among Macedonians]. Skopje. (In Macedonian).]

Станковска, Љубица. (1995). Македонска ојконимија. Кн. 1. Скопје: Метаморфоза. [Stankovska, Ljubica. (1995). Makedonska ojkonimija. Vol. 1 [Macedonian Oikonymy]. Skopje: Metamorfoza. (In Macedonian).]

Станковска, Љубица (2000). Топонимискиот модел на -ьск- + -ица во македонската топонимија. Balcanoslavica, 26–27. 229–401. [Stankovska, Ljubica. (2000). Toponimiskiot model na -ьsk- + -ica vo makedonskata toponimija [The toponymic model of -ьsk- + -ica in Macedonian toponymy]. Balcanoslavica, 26–27. 229–401. (In Macedonian).]

Станковска, Љубица. (2001). Топонимите со суфиксот -ица во Македонија. Скопје; Прилеп: Матица македонска; Институт за старословенска култура. [Stankovska, Ljubica. (2001). Toponimite so

sufiksot -ica vo Makedonija [Toponyms with the Suffix -ica in Macedonia]. Skopje; Prilep: Matica makedonska; Institut za staroslovenska kultura. (In Macedonian).]

Станковска, Љубица (2002). Суфиксите -јь, -ьјь и -ъ во македонската топонимија. Прилеп: Институт за старословенска култура. [Stankovska, Ljubica. (2002). Sufiksite -jь, -ьjь i -ъ vo makedonskata toponimija [The Suffixes -jь, -ьjь and -ъ in Macedonian Toponymy]. Prilep: Institut za staroslovenska kultura. (In Macedonian).]

Трифуновски, Јован. (1968). Кичевска котлина – сеоска населља и становништво. Скопје. [Trifunovski, Jovan. (1968). Kičevska kotlina – seoska naselja i naselenie [The Kičevo Basin – Rural Settlements and Population]. Skopje. (In Macedonian).]

ТРМЈ 3 – Толковен речник на македонскиот јазик. (2006). Т. 3. Конески, Кирил (Отв. ред.). Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“. [TRMJ 3 – Tolkoven rečnik na makedonskiot jazik [Dictionary of the Macedonian Language]. (2006). Vol. 3. Koneski, Kiril (Ed.). Skopje: IMJ “Krste Misirkov”. (In Macedonian).]

ЕРСЈ 1 – Етимолошки речник српског језика. (2003). Св. 1. Лома, Александар (Отв. ред.). Београд: САНУ. [ERSJ 1 – Etimološki rečnik srpskog jezika [Etymological Dictionary of the Serbian Language]. (2003). Vol. 1. Loma, Aleksandar (Ed.). Belgrade: SANU. (In Serbian).]

ЭССЯ 32 – Этимологический словарь славянских языков. (2005). Т. 32. Трубачев, О. Н., Журавлев, А. Ф. (Отв. ред.). Москва: Наука. [ESSJa 32 – Etimologicheskii slovar’ slavianskikh iazykov [Etymological Dictionary of the Slavic Languages]. (2005). Vol. 32. Trubachev, O. N., Zhuravlev, A. F. (Eds.). Moscow: Nauka. (In Russian).]

Derksen, Rick. (2008). Etymological Dictionary of the Slavic Inherited Lexicon. Leiden; Boston: Brill.

Pokorny, Julius. (1959). Indogermanisches etymologisches Wörterbuch. Vol. 2 [Indo-European Etymological Dictionary]. Bern / München: Francke Verlag. (In German).

Skok, Petar. (1971). Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika. Vol. 1 [Etymological Dictionary of Croatian or Serbian Language]. Zagreb: JAZU. (In Serbo-Croatian).

Извори

Фонд „Блаже Конески“: АЕ БК 232. Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје. [*Blaže Koneski* Fund: AE BK 232, Archive of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje.]

Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија. *Топографска карта (вектор).* Достапно на:

https://nipp2.katastar.gov.mk:5003/geonipp/#mapPanel [Agency for Real Estate Cadastre of the Republic of North Macedonia. *Topographic map (vector).* Available at: https://nipp2.katastar.gov.mk:5003/geonipp/#mapPanel]

Прилог

7 априла 1873

од имане у турско при поласка
со фамилия у село Орланци окруж[...]
Кическо у предно мало и 12 дука-
та положено у село за данако [...]
тере да и полози данок царски
од [...] сума дуката [...]
сто и прва [...] имането

1) *~~№~~ нива зове се Калуђерица 8 слогова им [...]*
   На долина кају на горни 1 пустеш
2) *~~№~~ ливаче зове се Теплица са разно воће 2 ко-*
   ла сено може да накоси [...] од него 2: ко[ла]
3) *~~№~~ 1: има задле са 183 дрвета у вредност*
4) *~~№~~ 1: нива зове се Орница 11 слогова и 1 челу*
5) *~~№~~ 1: нива зове се [Л]ожишта 4 слогова*
   и едно ливаче до ну 1 кола сено се коси
6) *~~№~~ 1 Нива зове се Ф[илипиште] 3 слогова и до ну*
   1 задле има 358 дрва у вредност [...]гроша
7) *~~№~~ 1 ливада под Орница косе се 4 [...]*
8) *~~№~~ 1: нива зове се [Ћудоно] Поличе 9 слогови [...]*
9) *~~№~~ 1: воденица со бавча и разно воће[то] Речани*
10) *~~№~~ 1 нива зове се [...] дол [...]*
11) *~~№~~ 1: нива зове се в[ограђе] : 1 : слок имад*
12) *~~№~~ 1: нива зове се Горни Песак : 3 : слогова имат*
13) *~~№~~ 1: нива се зове Средо Поле : 5 : слогова има*
14) *~~№~~ 1: нива зове се Црни Лак : 2 :*
15) *~~№~~ 1: нива зове се Пана[ћур] : 5 : слогова*
16) *~~№~~ 1: нива зове се Ћумурец : 1 : слок велики*
17) *~~№~~ 1: нива зове се Горно [Ливаће] : 3 : слогова*



Ракописот на Серафим Дабиќ, л. 1 (Архив на МАНУ, Фонд „Блаже Конески“, АЕ БК 232).

18) *№ 1: нива зове се [Долно] Ливаће: 1 : слок*
19) *№ 1: нива зове се Под задел : 3 : слогова*
20) *№ 2: ниве зове се […] до : 5 : слогова*
21) *№ 1: нива зове се Дупана : 3 : слогова*
22) *№ 1: нива зове се Спасеница : 4/1 : слогова на рака*
23) *№ 1: нива по Спас[еница]до Ѝоноск[о] 2/? слогова […]*
24) *№ 1: ливада до врби : 4 : кола сено се косит*
25) *№ 1: нива зове се међу Ѝоноско и Симунец : 4 : слогова*
26) *№ 1: нива зове се По Габер са крченица : 5 : слогова*
27) *№ 1: нива зове се Кофилица 5 слогова*
1 ливаче покра река 2 кола сено се коси
28) *№ 1: нива зове се Сунал 3 слогова имад*
29) *№ 1: нива зове се […] у д Божиноско 3 слогова*
30) *№ 1: нива зове се [Печуко] Нивче 2 слогова*
31) *№ у мере 1 ливада зове се Карбунечки Мос*
коси се годишно 4 кола сено
32) *№ 1: Нива зове се […] Огледало 2 слога*
33) *№ 4: градине со конопиште имаде*
34) *№ 1 меана у К[ич]ево зове се [Печуко] Хан*
1 кућа и 1 хамбар со плочи покриени
35) *№ 1 племна со гумно до кланцима*
36) *№ 1 кошара и 1 племна за сено 1 колиба [на Орница]*



Ракописот на Серафим Дабиќ, л. 2 (Архив на МАНУ, Фонд „Блаже Конески“, АЕ БК 232).

37) ~~№~~ *при поласка остало жива стока*
+ 6 волова : 2 крави : 2 иунца : 1 теле
38) ~~№~~ *1 кон и 1 кобила 1 жребица остало*
39) ~~№~~ *4 свини и 5 прасци остало*
40) ~~№~~ *87 овци и кози мои*
41) ~~№~~ *и кучето 1 кучка велика*
42) ~~№~~ *по и путу мога брата Коста*
готово жито 43 товара остало кући
При поласку мога од онога дана ка су по[шли]
43) ~~№~~ *исто 2 креча вели[к]и 2 средни 1 мали*
осим други покућа сто остало
без никаква друга […]
[…] стане
у Орланци 7 априла 1873 година

Серафим Дабић



Ракописот на Серафим Дабиќ, л. 3 (Архив на МАНУ, Фонд „Блаже Конески“, АЕ БК 232).